**Известување за концентрација со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д. Словенија, стекнува единствена контрола над АДДИКО БАНК АГ Виена Австрија**

**(предмет бр. 08-96/2024)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 20.06.2024 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која НОВА ЉУБЉАНСКА БАНКА д.д., со седиште лоцирано на Трг Републике 2, 1000 Љубљана, Словенија, стекнува единствена контрола над АДДИКО БАНК АГ со седиште на Канетти Тауер, Канеттиштрассе 5/06 12 1100 Виена Австрија.

На 07.06.2024 година НЛБ објави доброволна јавна понуда за преземање, до акционерите на АДДИКО БАНК, со цел стекнување на контрола, односно стекнување на сите издадени и објавени обични акции кои гласат на доносител, без номинална вредност, на АДДИКО БАНК (ISIN AT000ADDIKO0) за понудена цена од 20,00 евра (дваесет евра по акција) (со дивиденда). Периодот на прифаќање започна на 7 јуни 2024 година, вклучително до 16 август 2024 година.

Акциите на АДДИКО БАНК се дозволени за тргување на официјалниот пазар на Виенската берза (Prime Market). Понудата се однесува на 19.287.142 обични акции кои гласат на доносител, без номинална вредност, (за избегнување на сомнеж, 212.858 сопствени акции што ги поседува АДДИКО БАНК се исклучени од понудата) со пропорционален износ во акционерскиот капитал од 10,00 евра (десет евра) секоја (AT000ADDIKO0).

НЛБ е акционерско друштво и една од финансиските институции во Република Словенија, кое пружа широк спектар на банкарски услуги, вклучувајќи и други финансиски услуги во рамките на групата кои опфаќаат банкарски услуги за население, банкарски услуги за деловниоит сектор и други услуги. Дополнително, НЛБ дава услуги на управување со фондови, недвижности, инвестициско банкарство, како и други услуги.

НЛБ Групата во Северна Македонија моментално има 3 поврзани друштва:

- НЛБ Банка АД Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје, со ЕМБС 4664531, со приоритетна дејност-друго монетарно посредување,
- Друштво за лизинг НЛБ ЛЕАСЕ&ГО ДОО Скопје со седиште на ул. Водњанска бр. 1 Скопје со ЕМБС 7628838, со приоритетна дејност финансиски лизинг, и
- Друштво за управување со отворени и затворени инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 14А-1/2 Скопје со ЕМБС 6364578, со приоритетна дејност: дејности на управување со фондови.

Аддико Групата е специјализирана банкарска групација која се фокусира на обезбедување банкарски производи и услуги за потрошувачите и малите и средни претпријатија (МСП) во Централна и Југоисточна Европа (ЦИЕ). Групацијата се состои од АДДИКО БАНК АГ, целосно лиценцирана австриска матична банка регистрирана во Виена, Австрија, котирана

на Виенската берза и надгледувана од австрискиот финансиски пазар и од Европската централна банка, како и шест банки-ќерки, регистрирани, лиценцирана кои работат во пет земји од ЦИЕ: Хрватска, Словенија, Босна и Херцеговина (каде што работи преку две банки),

Целното Друштвото нема поврзани друштва на пазарот во Република Северна Македонија, ниту пак остварило било каков приход во 2023 на пазарот во Република Северна Македонија.

Предложената концентрација се однесува на пазарот на вршење на финансиски активности кои според член 7 од Законот за банки може да ги врши една банка во Република Северна Македонија.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

25.06.2024 година
Скопје